АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАТОР

БРОЈ 67 Декември 2007

## ОДРЖАНИ ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ АДВОКАТСКИ КРЕАЦИИ и НОВОГОДИШЕН КОКТЕЛ



На ден 21 декември 2007 година, петок во просториите на Драмскиот Театар во Скопје, Адвокатската комора на Република Македонија, повторно во духот на една убава традиција, ја одржа манифестацијата Адвокатски креации и новогодишен коктел.

Во присуство на голем број на гости од дипломатските претставништва во Република Македонија, Владата на РМ, Собранието, Министерството за правда, Министерството за култура, судовите, обвинителството, како и претставници од други институции и организации во државата, манифестацијата свечено ја отвори и ги поздрави сите присутни претседателот на Управниот Одбор на Адвокатска комора на РМ, Г-дин Ненад Јаниќевиќ. Присутните имаа можност да ги слушнат авторите Димитар Аргакиев, адвокат од Скопје и Зоран Петковиќ, адвокат од Скопје, кои се претставија со поезија и проза.

На изложбата која беше поставена во фоајето на Драмскиот театар, своите дела ги изложија Златко Бојковски, адвокат од Скопје во техника акрилик на платно, Јордан Митриновски, претседател на Апелациониот суд Скопје, Љупчо Симовски, јавен обвинител Тетово, Петар Димовски, Началник на Одделение за прекршоци Скопје 4 при Министерството за внатрешни работи, Марјан Арсовски, адвокат од Свети Николе, Душанка Вељановска, во техника масло на платно, Игор Додевски, дипломиран правник од Крива Паланка во техника пастел, Бранко Саздовски, адвокат од Скопје, со скулптура, а во техниката слика на стакло се претставија адвокатите Милица Гроздановска и Насер Рауфи, адвокати од Скопје.

Присутните љубители на адвокатските креации покрај можноста да уживаат во прекрасните дела на нашите колеги, имаа можност да уживаат и во следењето на хит претставата Комишилук наопаку и глумата на актерите Благоја Чоревски, Сенко Велинов, Рубенс Муратовски, Драган Спасов, Билјана Беличанец-Алексиќ, Мето Јовановски, Гораст Цветковски, Бранко Ѓорчев, Владимир Ендровски, Калина Наумовска, Сашо Тасевски, Васил Зафирчев, Маја Вељковиќ-Пановска, Јелена Жугиќ, Дејан Лилиќ и Ирена Ристиќ.

По завршувањето на претставата Комшилук наопаку, со голема посетеност и велесо расположение, маниффестацијата продолжи со новогодишниот коктел се до доцните вечерни часови. Адвокатските креации претставуваат традиционален настан на кој адвокатурата со задоволство го покажува своето второ лице; како извонредни поети, писатели, сликари, вајари и музичари, и не остава во исчекување на следната ваква манифестација.

## СЕМИНАР НА ТЕМА
## ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ

Во континуитет на програмата за континуирана едукација на своите членови, Адвокатската комора на Република Македонија во деновите 7 и 8 декември 2007 година, во просториите на хотел Климетица во Охрид, одржа семинар на тема Закон за спречување на перење пари. Темата на семинарот како и учеството на голем број на експерти привлече големо внимание и предизвика богата дискусија помеѓу присутните учесници.

Семинарот го отвори претседателот на Комисијата за едукација при АКРМ Г-ѓа Дивна Павлоска, која ги поздрави присутните гости и учесници на семинарот. Првиот ден на семинарот со свои излагања земаа учество Г-дин Миодраг Лабовиќ, Директор на Финансиска полиција со излагање на тема "Организиран финансиски криминал" и Г-дин Марјан Поњавиќ, Раководител на Одделение при Дирекцијата за пречување на перење пари, кој направи осврт на "Перењето пари како феномени обврски кои произлегуваат од домашното законодавство". Вториот ден го отвори Г-дин Драган Тумановски, Претседател на Здружението на судии на Република Македонија со свое излагање на тема "Перење пари - теории, пракса и судски дилеми", и Г-ѓа Вилма Рускоска, од Специјалното Одделение за спречување на организиран криминал при Јавното Обвинителство на Република Македонија која се осврна на "Практичната примена на Законот за спречување на перење пари во работата на обвинителството и судовите".

По богатата дискусија која се разви по излагањата на експертите, а во која се вклучија сите присутни учесници на семинарот, беа донесени следните заклучоци:

1. Да се иницира постапка за измени на КЗ во делот на чл.273 ст. 6 и покрај поимот бранител да се додадат зборовите и полномошник , со оглед дека адвокатите постапуваат како бранители само во кривичната постапка а додека ВО ДРУГИТЕ ПОСТАПКИ ИСТИТЕ се појавуваат во својство на ПОЛНОМОШНИЦИ.

2. Комисијата за контрола на работењето на адвокатите конституирана со чл.39 од Законот за спречување на перење на пари, да се дефинира кои надлежностите истата би ги имала, со можност да се предвиди истата да може да поднесува пријави преку Адвокатска комора на РМ.

3. Поимот "ПЕРЕЊЕ ПАРИ" да се дефинира во самиот закон за спречување на перење на пари а само санкцијата за ова дело да биде дефинирана во КЗ со оглед дека Законот за спречување на перење на пари е леџ специалис за ова кривично дело.

4. Потребата од едукација на адвокатите во однос на перењето на пари да биде почеста тема на разни форми на едукација-работилници, семинари, разни информативни билтени и слично во соработка со Финансиската полиција, Дирекцијата за спречување на перење на пари и Јавното обвинителство заради дополнување на сознанијата за новите форми на перење на пари кои постојано се дополнуваат со нови облици и нови начини на извршување на ова дело.

Истовремено беше донесен посебен заклучок на темата Закон за приватизација и закуп на градежното земјиште како особено важен сегмент за постапување на адвокатите од аспект на важноста на оваа проблематика во секојдневното решавање на проблеми со кои се среќаваат адвокатите во односите со Министерството за финасии и Министерството за транспорт и врски, со покана на експерти од овие две Министерства задолжени за оваа проблематика.

Мој живот. Мое осигурување.
Еуролинк Осигурување АД Скопје

Еуролинк Осигурување АД Скопје, Васил Главинов 12 ТЦЦ Плаза 1ви кат 1000 Скопје, Македонија, ИНФО БРОЈ 02 15115
Тел. (02) 32 31 623; (02) 32 31 623; Факс (02) 32 31 625; E-mail:eurolink@eurolink.com.mk, www.eurolink.com.mk

**ВО ТЕКОТ НА 2007 ГОДИНА ВЕ ИНФОРМИРАВМЕ**

***Јануари***

- Остварена средба со Комората на извршители на РМ
- Апликација за поединечно зачленување во УИА
- Заклучоци од семинар на тема "Медијацијата во Република Македонија".
- Изготвена нацрт верзија на Законот за адвокатска маркичка.

***Февруари***

- Остварена средба на делегација на Адвокатска комора на Република Македонија со претставници на Министерството за внатрешни работи на РМ.
- 5000 ЕУР - Поддршка од ЦЦБЕ. Советот на комори и правни друштва на Европа ја ослободи Адвокатската комора на РМ од обврската за плаќање на членарина во висина од 5.000 ЕУР.
- Формирана Комисија за прием на поплаки и информации во врска со донесени Одлуки на судовите.
- Одржана тркалезна маса на тема "Европска Конвенција за Човекови Права".

***Март***

- Отворена Канцеларија за бесплатна правна помош во Гостивар.
- Објавена Програма за полагање на адвокатски испит
- Заклучоци од семинар на тема "Закон за адвокатска маркичка и адвокатска тарифа".
- Одржана втора тркалезна маса на тема "Европска Конвенција за Човекови Права".

***Април***

- Продолжува соработката помеѓу Адвокатска комора на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.
- Нови проекти - АКРМ во соработка со Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје организира два дводневни семинари и три еднодневни работилници.
- Соработка со Универзитетот на Југоисточна Европа
- Заколучоци од семинарите на тема "Закон за адвокатска маркичка и адвокатска тарифа", кои се одржаа во Тетово и Прилеп.
- Заклучоци од семинарот на тема "Полномошно и адвокатска маркичка пред нотар и осврт на Законот за вршење на нотарски работи", организиран од Адвокатска комора на РМ во соработка со Нотарска комора на РМ.

***Мај***

- 52-ро Годишно Собрание на Адвокатска комора на Република Македонија
- Прием кај Претседателот на Република Македонија, Г-дин Бранко Црвенковски на Г-дин Пауло Линс Е Силва, претседател на Светската Унија на адвокати - УИА и Г-дин Ненад Јаниќевиќ, претседател на Управен Одбор на АКРМ
- Заклучоци од семинар на тема "Меѓународен кривичен суд и Посебни истражни мерки согласно ЗКП".
- Усвоена програма за континуирана едукација

***Јуни***

- Одржан првиот адвокатски испит.
- Адвокатски тоги - обврска за сите адвокати.
- Заклучоци од семинар на тема "Тековниот развој во однос на правната регулатива за професијата адвокат", организиран од страна на АКРМ во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка -ИРЗ и Германската Федерална Адвокатска комора.
- Заклучоци од обука за адвокати на тема "Меѓународни стандарди за фер судење и практична примена на меѓународното хуманитарно право", реализирана во соработка на АКРМ и Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје.
- Заклучоци од обука за адвокати на тема "Посебни истражни мерки и како истите да се оспорат од страна на адвокатот на одбраната", реализирана во соработка на АКРМ и Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје.
- Одбележан денот на Македонската адвокатура.

*продолжува од стр. 3*

***Јули / Август***

- Новина согласно Европските Директиви - задолжително осигурување од одговорност на адвокатите.
- Продолжува борбата против надриписарството.
- Адвокатски роковник за 2008 година.
- Подготовка за одржување на адвокатски спортски игри

***Септември***

- По втор пат остварена средба на Г-дин Ненад Јаниќевиќ, претседател на УО на АКРМ со Г-ѓа Хина Цилани, Специјален претставник на Генералниот Секретар на Обединетите Нации.
- Заклучоци од семинар на тема "Трговија со луѓе и ДНК", одржан во соработка на Адвокатска комора на РМ и Лекарска комора на РМ.
- Заклучоци од работилници на тема Измени и дополненија на Закон за кривична постапка, одржани во Штип, Скопје и Битола, во соработка на Адвокатска комора на РМ и Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

***Октомври***

- Подготовка за одржување на традиционалната манифестација "Адвокатски креации, Новогодишен коктел и хит претставата Комшилук Наопаку".
- Доставување на полиси за осигурување од одговорност на адвокати.
- Одржани вторите традиционални спортски игри.
- Одржани обуки на адвокати на тема "Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија и спецификите на судската постапка од гледна точка на адвокатот на одбраната", во Скопје и во Струга во соработка на АКРМ и Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

***Ноември***

- И Адвокатската комора на Република Македонија во борба за заштита на уставното име.
- Донесување на Закон за бесплатна правна помош и Закон за малолетничка правда, и изготвување на списоци на адвокати кои се заинтересирани да земат активно учество во постпаките.
- Изучување на странски јазици за адвокати.

"Ако љубовта е ограничена,
ослободете ја !
Ако среќата царува,
осветлете ја !
Ако радоста е меѓу Вас,
поделете ја" !

СРЕЌНА НОВА 2008 ГОДИНА



АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Претседател на УО
Ненад Јаниќевиќ, адвокат

## ИЗУЧУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ЗА АДВОКАТИ

Адвокатската комора на Република Македонија со цел натамошно успешно реализирање на својата Програма за континуирана едукација на адвокатите, а имајќи ја во предвид се поголемата потреба од познавање на странски јазик во секојдневното работење на адвокатите, донесе Одлука за овозможување на учење на странски јазици на адвокатите. Со Одлуката е предвидено изучување на англиски и француски јазик.

Согласно истата, претседателите на сите Адвокатски заедници беа задолжени да соберат по 3 понуди од Центрите за странски јазици, по што би се направил соодветен избор на понуда која е најповолна и нуди најдобри услови за адвокатите. **За таа цел сите заинтересирани адвокати кои би сакале да изучуваат странски јазик, потребно е задолжително да се пријават кај претседателите на Адвокатските заедници или во Адвокатска комора на Република Македонија на тел. 02 / 3212 452 или 02 / 3165 409.**

**Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СТРУЧНА СЛУЖБА**